Врз основа на член 27 , став 4 и став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ( „ Службен весник на РМ " бр.61/04 , 96/04 , 67/07 ,156/09 ,47/11 , 192/15 и 209/18 и „ Службен весник на РСМ " бр. 244/19 , 53/21 , 77/21 , 150/21 и 173/22 ) и член 14 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „ Службен гласник на Општина Крива Паланка " бр. 08/10 , 08/14 , 02/18 , 03/19 и 08/21 ) , Советот на Општина Крива Паланка на 22 - та седница одржана на 28 . 02 . 2023 година , донесе :

# БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР ЗА 2023 ГОДИНА

# НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

**Член 1**

Буџетски календар за 2023 година.

| МОЖЕН ДАТУМ | БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ | ОДГОВОРНОСТ |
|---|---|---|
| **До 30 Септември** | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар во кои се содржани главните насоки за изготвување на Предлог-буџетот за наредната година и висината на дотациите од Буџетот на РСМ , кој им го доставува на општините. | **Министерство за финансии** |
| **1 – 5 Октомври** | Градоначалникот до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови | **Градоначалник** |
| **Октомври** | Анализа на фискалниот капацитет на општината и комуникација со секој од клучните сектори и одделенија во општината (со цел утврдување на нивните фискални потреби (буџетски трошења) во контекст на нивните планирани програми и активности). Усогласување на аналитичките информации со целите/приоритетите/ активностите на секој од општинските сектори и одделенија. | **Градоначалник , општинска администрација и одделение за финансиски прашања** |
| **Октомври** | Одговорните одделенија за подготовка на Годишните програми ги доставуваат предлог-пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции. | **Општинска администрација** |
| **Октомври** | Градоначалникот и Одделението за финансиски прашања врши преговарање и анализирање на доставените предлог-програми и пресметки и ги одредува приоритетите и одредбите за новиот Предлог-буџет. | **Градоначалник , Одделение за финансиски прашања** |
| **Октомври - Ноември** | Општинските буџетски корисници ги доставуваат своите финансиски планови до градоначалникот | **Градоначалник** |
| **Крај на ноември** | Одделението за финансии го изготвува Предлог – Буџетот и го доставува до Градоначалникот на разгледување и одобрување | **Градоначалник** |
| **Декември** | До Советот се доставува конечен Предлог-буџет од страна на Градоначалникот со соодветно образложение. | **Градоначалник** |
| **Декември** | Се води расправа во телата на Советот на Општината. | **Совет на општина** |
| **Крај на декември** | - Донесување на Буџетскиот календар ;<br>- Донесување на Буџетот за наредната буџетска година ;<br>- Донесуванање Одлука за извршување на буџетот на општината ;<br>- Донесување на Одлука за вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници . | **Совет на општина** |
| **1 Јануари** | Започнува новата фискална година | |

**Член 2**

Со донесување на овој Буџетски календар за 2023 година на Општина Крива Паланка , престанува да важи Буџетски календар за 2023 година на Општина Крива Паланка со бр.09 – 4898/19 од 22.12.2022 година .

**Член 3**

Буџетскиот календар за 2023 година на Општина Крива Паланка влегува во сила со денот на донесувањето , и ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Крива Паланка "

**Бр. 09 –** 1111/9

**28 . 02 . 2023 година**

**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**Претседател,**

**Изабела Павловска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СОВЕТ НА ОПШТИНАТА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА